Друштво за издавачка дејност
Културa, акционерско друштво
Бр. 0307/313
25-12 2018 год.
СКОПЈЕ
штембил

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4406-11330/12 од 25.12.2018 година
Скопје

„КУЛТУРА"А.Д

# Д О Г О В О Р
## за набавка на стоки

Скопје, Декември 2018 година

**Д О Г О В О Р**
**за набавка на книги**

Склучен на 25 .12.2018 година, помеѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, претставувана и застапувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган** и
2.„**Култура"А.Д**, со седиште на **ул.Никола Кљусев бр.6**, 1000 Скопје, со даночен број 4030946263282 и ЕМБС 4058631, претставувано и застапувано од Ана Костовска, овластено лице во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот е набавка на стоки - **книги:**

- **„Сказни од дворецот на книгите"** од Нада Матиќ – 115 примероци **и**
- **„Волшебникот од Оз"** од Лиман Френк Баум – 35 примероци.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на која се склучува овој договор изнесува **22.500** (со зборови: дваесет и две илјади и петстотини) **денари со пресметан 5% ДДВ**.
Единечната цена на примерок од печатено издание изнесува:
- книга **„Сказни од дворецот на книгите"** од Нада Матиќ - цена од **150** (со зборови: сто и педесет) **денари со пресметан 5% ДДВ.**
- книга **"Волшебникот од Оз"** од Лиман Френк Баум - цена од **150** (со зборови: сто и педесет) **денари со пресметан 5% ДДВ..**

Во цената од став 1 вклучени се сите трошоци на Носителот на набавката (за печатење и испорака /достава ) на книгите до седиштето на Договорниот орган.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето за испорачаните стоки (книги) да се изврши вирмански, по испорака на книгите од страна на Носителот на набавката, до седиштето на Договорниот орган, Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, Скопје, и по доставување фактура и испратница за извршената испорака, во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од првиот нареден ден од приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача книгите-предмет на овој договор во согласност со неговата понуда бр.4606-11330/3 од 21.12.2018 година по завршеното преговарање по истата, а согласно потребите на Договорниот орган, во рок од 30 (триесет) дена сметано од денот на склучување на овој Договор.

## V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Договорниот орган се обврзува да изврши исплата по доставена фактура од Носителот на набавката на начин и рок определени во член 3 од овој Договор.

## VI. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот е со важност до исполнување на обврските од страна на двете договорни страни, утврдени во член 4 и член 5 од овој Договор.

## VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс кон договорот потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 8**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 9**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја страна.

**„КУЛТУРА"А.Д**

Друштво за издавачка дејност акционерско друштво Култура, СКОПЈЕ 1

**Ана Костовска**, управител

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

**Д-р Драги Рашковски,** Генерален секретар

*Подготвил: Далибор Анчевски*
*Контролирал: Анета Стевковска*